КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јули-август 2014 • бр. 42-43 • година 6



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 1857-6753

ВЛАЕ ДОБИ ПЛОШТАД

MOTOCENTAR
Сигурен избор



MICHELIN Continental BRIDGESTONE nokian TYRES Firestone

тел: 30 95 777 • 27 74 144
info@motocentar.com.mk
www.facebook.com/Motocentar.mk
www.motocentar.com.mk

имвента д.о.о- скопје

Дозвола# 35170

+3892 3081657

SMART HOME
CHOOSE PRIVILEGE

MONEY IMVENTA GUARANTEE

BELVEDERE
RESORT

RADIO engineering

www.belvedereresort.mk

капош

ВО ОВОЈ БРОЈ



IN MEMORIAM

ЗАМИНА ТИВКИОТ ЧОВЕК ВЛАДО 8



ВЕТЕНО СТОРЕНО

ЛЕТНИ ПОПРАВКИ И ПОДГОТОВКИ 9



МОМЕНТУМ

Добривое Ѓорѓевиќ

ЗАГИНАА СИТЕ МОИ ПРИЈАТЕЛИ 14




ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

МЕЃУ НАУКАТА, ДРУЖЕЊЕТО И ЕГЗОТИКАТА 22



СПОРТОРАМА

КАРПОШ СОКОЛИ МЛАДИНСКИ ШАМПИОНИ ВО КОШАРКА 29



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Лилјана Петрушевска-Кочовска
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
marketing@karpos.gov.mk

ВЛАЕ ЈА ДОБИ „ДЕЛФИНА“

Дека општина Карпош е најурбана општина, добивме уште една потврда со пуштањето во употреба на еден монументален објект. Влаевчани го добија новиот плоштад наречен „Делфина“. Плоштадот се простира на површина од околу 5000 квадратни метри, со впечатливо зеленило, шаренило и преубава фонтана која е архитектонско дело и авторски труд на креативниот тим на општина Карпош, односно на архитектите Игор Василевски и Вангел Караиванов. На грандиозното свечено отворање покрај неколку илјади ѓители на Влае, присуствуваа: градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, вицепремиерот Зоран Ставревски и претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, кои ја пресекоа црвената лента која го означи почетокот на урбаното живеење и дружење на жителите од оваа населба.

Небото над Влае светна како вистинско виножито од бои. Огнометот ги израдува најмладите, а измами и насмевка и кај најстарите. На големата сцена продефилираа познатите пејачки имиња: Бубе Најдановска, Дани Димитровска, групата „Пеперминт“ и поп-сведата Влатко Лозаноски-Лозано.

Во рамките на Карпошово културно лето, целовечерен концерт одржа музичката дива Тијана Дапчевиќ, која беше вистински шлаг за затворањето на овогодинешното Карпошово културно лето 2014 но и за свеченото отворање на плоштадот „Влае“.

М.Г.









Почитувани сограѓани,

Летните месеци јули и август, ги оставивме зад нас. Иако овие месеци важат за релативно „мирни“ месеци, за нас во Општина Карпош немаше одмор. Летото е и градежна сезона, но, и без тоа, обновување на инфраструктурата, секојдневните градежни зафати, интервенции, одржувањето на зеленилото и хигиената се наша обврска, и би рекол, рутинска работа.

Го искористивме периодот кога учениците се на летен распуст за да ги санираме оштетувањата во училиштата и градинките. Летните поројни дождови ги покажаа „слабите„ точки, некои покриви протекоа, некои приоди требаше да се асфалтираат...Во секој случај, работа за Општината има секогаш. Така почнавме со поправка на покривите на четири училишта во Карпош, ООУ „Лазо Трповски“,ООУ „Петар Поп Арсов“ООУ „Владо Тасевски“, ООУ „Јан Амос Коменски“, а во „Коменски“ требаше да направиме и обиколна бетонска патека со цел обилнитедождови да не направат штета во фискултурната сала.

Требаше да се обнови и паркетот во т.н. стара градинка „Пролет“, кај „Канела“, со цел дечињата кои тука се згрижени да престојуваат во подобри услови. Работевме на реконструкција на ул. Новопроектирана 1 во населба Жданец, имавме повеќе интервенции на оштетени улици, тротоари, колско-пешачки патеки и пешачки патеки во зелени површини на територијата на Општина Карпош. На неколку места требаше да се постави хоризонтална и вертикална сигнализација , да се сменат светилки, да се стави нова урбана опрема, да се направи некој летниковец. Сепак имавме и некои „капитални“ проекти како што е довршување на плоштадот во Влае, нешто што го ветивме и со нетрпение го очекуваа жителите од овој крај. Тој гордо го доби името „Делфина“ во чест и како знак на почит кон нашата заслужна сограѓанка Атина Бојаци, светска првенка во маратонско пливање.Оваа инвестиција ја чинеше Општината околу 500 илјади евра но тоа беше наш долг кон граѓаните на Влае 1 и Влае 2. Друга голема инвестиција е онаа во спортската сала на ООУ „Јан Амос Коменски“, каде вложивме 10 милиони денари за поставување нов паркет, нови прозорци и нејзина целосна реконструкција. Нашите деца мора да вежбаат во пристојни услови.

Покрај градежните работи , во континуитет се обидуваме да ги следиме и сите други сфери на живеење во Општината и, по потреба, да интервенираме, да помогнеме, да поддржиме. Така, со општинска помош ги пративме младите карпошани Елена и Теодор на Олимпијада по физика во Казахстан, помогнавме во организацијата на сликарската колонија „Вангел Коџоман“, го поддржавме „Влајко купот“, а традиционално , најдобрите спортисти ги пративме на екскурзија во Тиват.Распишавме и конкурс за талентирани ученици и спортисти, а за да ги поткрепиме на вистинскиот пат и годинава дадовме финансиска поддршка од по 9.000 денари за десетте најдобри полуматуранти. Ние знаеме дека тоа не е којзнаеколкава материјална сатисфакција, но на младите ученици и таленти сакаме да им покажеме дека секогаш има некој кој го следи и кој го цени нивниот успех. Тоа е мотив повеќе да ги нижат своите успеси и во следниот период од животот и да опстојат на патот на образованието и науката.

Со успеси не израдуваа и кошаркарите на „Карпош Соколи“ кои го освоија младинскиот шампионат во кошарка за годинава.

Во август имавме повеќе културни настани и многу традиција. По седми пат, го организиравме Карпошовото културно лето, во збиена, но исклучително квалитетна понуда. Со години по ред илјадници граѓани на Карпош но и на Градот уживаат во летните ноќи со музички и театарски настапи на врвни македонски уметници но и гости од соседните земји. Така беше и оваа година. Од оваа година востановуваме и една нова традиција-„Тафталицанска вечер“. Оваа населба која го прослави својот 50-ти роденден, е симбол на повторното раѓање на разурнатотот Скопје, на нови надежи, желби, љубови. Тоа навистина вреди да се слави и да се негува.

Вашиот Градоначалник Стевчо Јакимовски

КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ СО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Започна изградбата на кружниот тек на „границата“ меѓу општините Карпош и Ѓорче Петров, како и проширувањето на улицата кон црквата „Свети Петар и Павле“. Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, изрази задоволство од почетокот на градба на ова сообраќајно решение со кое решава проблемот што жителите од овој дел, во двете општини го имаат со оваа улица и со кое ќе се обезбеди поголема заштита за жителите на населбата Влае.

– Со ова ќе се зголеми протокот на сообраќајот кој се одвива од општина Карпош кон општина Ѓорче Петров. На тој начин се олеснува животот на жителите на Порта Влае. Досега ова беше тесно грло и сите возила стоеја на семафорите, што значи дека гасовите и се останато останува во воздухот и го загадува овој дел од општината Карпош. За сообраќајниот проект ќе бидат одвоени еден милион евра, а со него е предвидено вкрстување на булеварот Партизански одреди и улицата Ѓорче Петров.

Кружниот тек ќе располага со две коловозни ленти и средишно зеленило. Во текот на изградбата



ќе се обнови фекалната канализација, а ќе се постави нова атмосферска канализација и улично осветлување. На почетокот на изградбата на кружниот тек присуствуваа премиерот Никола Груевски, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митревски, а од страна на Општина Карпош, присуствуваа градоначалникот Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот Сашо Лазаровски.

Мила Глигорова

ЗА ПОМАЛКУ КРАЖБИ ВО ВОЗИЛАТА

Во Општина Карпош стартуваше акцијата на Одделението за превенција при СВР Скопје „Не оставајте вредни предмети во вашиот автомобил“. На улицата „Манапо“ во Карпош 3 пред трговскиот центар Сити Мол, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, началничката за Превенција при СВР Скопје Билјана Милевска и командирот на ПС Карпош Роберт Петрушевски ги сопираа возилата и ги едуцираа возачите и посетителите на Сити Мол за опасностите од кражби коишто ги демнат и начинот како истите да се пресретнат . Во текот на акцијата, градоначалникот Јакимовски и началничката на возачите кои беа сопрени им ги посочуваа опасностите од вакви деликти и им подаруваа самолепливи флаери со едукативни пораци и „сенки“ за патнички моторни возила (заштиници од сонце).

Акцијата, ќе се спроведува на сите места каде што надлежните од Полициската станица Карпош ги детектирале како критични точки, а ќе бидат лепени и флаери по паркинзите на влезните и излезните рампи во Сити Мол и на други локации. Акцијата „Не оставајте вредни предмети во вашиот автомобил“, наменета за намалување на тешките кражби во возилата, е дел од Проектот на МВР за превенција од имотни деликти кој е поддржан од ОБСЕ и ќе трае и во иднина.



ИЛИНДЕН ВО ДУХОТ НА ТРАДИЦИЈАТА

Во единствената црква во Карпош која го носи името на светецот св.Илија во Горно Нерези традиционално се организираше дводневното славење на верскиот и историски празник на македонскиот народ Илинден! Стотина жители од Нерези и од Карпош во духот на народната и верска традиција, со црковна софра, музика и игра го одбележаа празникот Илинден.









ЗАМИНА ТИВКИОТ ЧОВЕК ВЛАДО

Починa Владо Поповски, секретар на Општина Карпош. Со неговото заминување Општината изгуби еден голем човек и врвен професионалец. Овој исклучителен човек беше еден од носечките столбови на локалната администрација во најурбаната општина во Скопје.Човек кој знаеше многу и кој даде многу. За „само“ пет години остави неизбришлива трага во професионализацијата на работењето на нашата локална самоуправа. Тој беше најсилниот Втор човек на Карпош, „сивата еминенција“ под чија палка го стекнавме сертификатот ISO 9001:2008, меѓународно верифициран стандард за високата професионалност во функционирањето на администрацијата. Тоа „го избоксува“ Владо. Тоа беше моментот на гордост и радост на овој тивок и скромен човек, кој секогаш ја претпочиташе работата, пред суетата, човештината пред ловориките.

Пред 30-ина години Владо го наостри новинарското перо уредувајќи го и потоа раководејќи го Студентски збор. Таа новинарска страст никогаш не го напушти па до скоро знаеше да седне и да биде релевантен хроничар на настаните во македонското општество. Неговата висока писменост најмногу ја исползуваа младите кадри во Карпош. Не се штедеше во ширење на знаењата и стручноста.

Владо Поповски беше роден во 1955 година во сиромашната Слоешница - Демирхисарско, од каде скромно, со многу труд, самопрегор и чесност, стаса до највисоките кругови во државата. Беше успешен човек кој со својот несебичен општествен придонес застана во редот на Петре М. Андреевски, Плевнеш...

Беше секретар на младината на Македонија, а потоа ја водеше администрацијата на ССММ која ја овозможи политичката „пролет“ во Македонија. Без неговата темелност и смисол за организација, како што велат неговите најдобри другари, оние кои со него го делеа професионалниот и политички пат, таа немаше да прерасне во незаменлив фактор за демократизација на Република Македонија како суверена и независна држава.

Секретарот на Карпош претходно неколку години раководеше и со администрацијата на Град Скопје, која го памети како праведен и чесен претпоставен на градските службеници.

Тој ја имаше и раководната „палка“ во Јавното претпријатие „Водовод и канализација“, како нејзин генерален директор, претпријатие кое го презеде во најтешките моменти и кое успеа да го застане на здрави нозе.



Од 2002 до 2006 година, во постконфликтна Македонија, беше министер во Владата на Република Македонија задолжен за кризни состојби. Ненаметлив и работлив, стигнуваше секогаш и секаде да им пружи рака на најзагрозените. Од 2009-та година тој доаѓа на местото секретар на Општина Карпош за чиј напредок се вложуваше целиот до последен момент.

Политичката кариера му ја бележеше членството во СКМ, за потоа да стане еден од основоположниците на Сојузот на реформските сили - Либерална партија, секретар на Либерално-демократската партија и претседавач на Централниот одбор на Граѓанската опција за Македонија-ГРОМ. Тој, некако по правило, беше шеф на сите победнички изборни штабови во последните пет години.

Ќе те паметиме по добро, почитуван Секретаре!

В. Цветковска

ЛЕТНИ ПОПРАВКИ И ПОДГОТОВКИ

И покрај честите врнежливи денови, Општина Карпош, поточно Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи јули и август ги искористи за повеќе инфраструктуни и градежни зафати. Во фокусот ни беа покривите на училиштата, бидејќи треба да се обноват пред стартот на новата учебна година, како и фискултурните сали, зеленилото, хоризонталната и вертикална сигнализација, како и урбаната опрема. Таа треба постојано да се менува и обновува бидејќи и најчесто сеоштетува. Нови клупи, нови корпи за отпадоци.

Општината продолжува со грижа и инвестиции за најсензитивните категории граѓани. Деновиве интензивно се работи на изградба и на монтажа на пристапни рампи за лицата со посебни потреби во зградите на улица Варшавска 9/1 и Стокхолмска 9, влез 3. Во овие влезови се поставени покрај пристапните рампи за лица кои користат колички и помагала и држачи-гелендери за повозрасните лица.

Со цел да се заштитат тревните површини и цветните насади од непрописни паркирања, Општина Карпош деновиве инвестира во поставување заштитни огради на „црните точки“, односно на местата каде што најчесто се оштетува зеленилото. Освен тоа, се поставуваат и заштитни мрежи на општинските објекти кои се на „удар“ на демолирање од несовесни граѓани.

Еве што сработивме овој месец:



Реконструкција на ул. Новопроектирана 1 во населба Жданец во должина од 346,93 метри: изведувач „Жикол“



Пристапни рампи за лицата со посебни потреби: изведувач „Мастеф“



Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на територија на Општина Карпош: изведувач „Бојта ИНГ“



Обнова на оштетени општински објекти: изведувач „Мастеф“



Заштитини огради околу зеленилото: изведувач „Мастеф“



Замена на цветниот расад на плато со фонтана Карпош 3: изведувач „Линк Медиа Плус“

ВЕТЕНО
ОПШТИНА КАРПОШ
СТОРЕНО



Канти за миленици: изведувач „Мастеф“



Поплочување на патеките околу ООУ „Јан Амос Коменски“: изведувач „Мастеф“



Реконструкција на паркетот во детската градинка Пролет во Козле: изведувач „Мастеф“

КЕТЕРИНГ
СОФРА
Најдобар кетеринг за секаков вид на прослави
Свадби, крштевки, детски родендени...
Никола Парапунов лок 21/22 Т.Ц. Карпош 4, Скопје
Тел: 078 228 - 193

7
Fast Food
Карпош 30 90 030
Центар 32 11 914 Аеродром 24 47 774 Скара 7 32 24 000

HOTEL MRAMOR®
HOME AWAY FROM HOME®
tel./fax : +389 2 2044-528, gsm: +389 70/78 226 663
11, Klenoec – 1000 Skopje, R. Macedonia
info@mramor.com.mk
PLEASE VISIT OUR WEBSITE: WWW.HOTELMRAMOR.COM

ЧЕТИРИДНЕВНО ДРУЖЕЊЕ СО ФОЛКЛОРИСТИТЕ ОД БАЛКАНОТ

Општина Карпош по шести пат беше домаќин на свеченото отворање на Меѓународниот студентски фолклорен фестивал (МСФФ) кој поседува 35-годишна традиција. Подмладокот на АКУД „Мирче Ацев“ на отворањето се претстави со безвременските македонски ора. Платото во ТЦ „Карпош 3“ (т.н. ТЦ „Лептокарија“) беше претесно за да ги собере љубителите на фолклорот и на традиционалните песни и ора, а присутните со силни овации ги поздравуваа сите учесници кои неуморно ја презентираа својата култура. На овогодинешниот фестивал учествуваа четири странски фолклорни ансамбли од Турција, Унгарија, Северен Кипар и Хрватска и две домашни фолклорни групи а тоа се домаќините АКУД „Мирче Ацев“ и КУД „Шехер“. Меѓу останатите покровители, Општина Карпош и овој пат, како и секоја година е поддржувач на културните манифестации. Фестивалот за отворен го најави претседателот на Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов, кој ги поздрави и им се заблагодари на сите присутни а пред сè на организаторите кои им овозможија на граѓаните да уживаат во звуците на фолклорната музика и глетка во талентираните студенти и нивните ора.

„Првото оро и настапот на најмладите, чувари на традицијата, вредеше за сите напори и одвоени финансиски средства на организаторот на оваа манифестација и на сите оние што се вклучени во овој голем настан. Задоволството да се гледаат толку многу талентирани луѓе е огромно, затоа што Општина Карпош е дел од покровителите на овој фестивал. Можам да ветам дека Општина Карпош секогаш ќе биде поддршка за младите од областа на културата и образованието“, рече Михајлов.



Меѓународниот студентски фолклорен фестивал се одржа на три локации: Дом на АРМ, ТЦ „Карпош 3“ и на платото во општина Ѓорче Петров.

Мила Глигорова



БЕСПЛАТНИ УЖИНКИ И ИЗЛЕТИ ВО КАРПОШ

Учениците од прво и од второ одделение од основните училишта на територија на Општина Карпош оваа година ќе имаат бесплатни ужинки, а на учениците од прво до петто одделение (од I до V одд.) еднодневните излети исто така ќе им бидат платени од општинската каса.

Ова беше решено на августовската седница, а ваквата бенефиција за учениците која стартуваше минатата година со бесплатни ужинки за првачињата, предвидено е секоја година да ги опфаќа децата од еден клас погоре.

Од позначајните одлуки кои беа донесени од Советот на Општината, е и Одлуката за зголемување на стапката на даночите на имот, со која оваа давачка се зголеми за 0,5 насто, односно, наместо досегашните 3 %, на територијата на Карпош тој ќе изнесува 3,5 %.





МНОГУ НОВИ УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД ЛИКОВНО-ОБРАЗОВНИОТ КАМП „ВАНГЕЛ КОЏОМАН“

Ликовно-образовен камп за млади таленти „Вангел Коџоман“ е манифестација поддржана од Општина Карпош и од Министерството за култура на Република Македонија, а ја организира Детскиот ликовен центар од општина Карпош. Годинава, од 23 до 29 јуни, тој се одржа во детското одморалиште „Мајски цвет“ во Струга, и тоа по осми пат. Учесници во наставата на кампот беа 40 ученици од основни училишта од Македонија, заедно со менторите Лилјана Ружиновска, Марица Бакоч и Влатко Костовски, а со кампот раководеше професорот по ликовна уметност Владимир Лазовски. Учениците твореа на повеќе локации во Струга и во Охрид и во различни дисциплини, меѓу кои и графика. Покрај редовните ликовни активности, учесниците заедно со менторите ги посетија и Спомен-куќата и галеријата на слики на Вангел Коџоман, куќата на браќата Миладиновци во Струга, повеќе туристички места во Струга и во околината, а сликаа и карактеристични мотиви од Старата чаршија во Струга. Во Охрид, пак, ги посетија манастирот „Св. Наум“, „Плаошник“, Самоиловата тврдина, итн. Координатор на проектот беше професорот по ликовна уметност Илија Богоевски од ООУ „Јан Амос Коменски“ од општина Карпош.

Лилјана Петрушевска

Сеќавање на 26 јули 1963 година: Добривое Ѓорѓевиќ

ЗАГИНАА СИТЕ МОИ ПРИЈАТЕЛИ

До 22 часот го средувавме станот, но, за жал овој стан беше во зградата бр.13 познатата 13-ка што се наоѓаше во сегашната населба Карпош 2, која на 26 јули беше целосно разурната и загинаа сите кои живееја во неа. Нашиот план за свадбата не се оствари



Незаборавниот 26 јули 1963 година ме затекна во Скопје. Живеев во изнајмен стан во близина на Државна болница, а работев како асистент на Медицинскиот факултет.

За 28 Јули ни беше закажана свадбата со мојата вереница Нада,во Врање моето родно место.На 25 јули, до 22 часот го средувавме станот во кој планиравме да го започнеме нашиот заеднички живот. Но, за жал овој стан беше во зградата бр.13 познатата 13-ка што се наоѓаше во сегашната населба Карпош 2, која на 26 јули беше целосно разурната и загинаа сите кои живееја во неа. Нашиот план за свадбата не се оствари.

Јас, лично не бев повреден, но загинаа сите мои блиски пријатели кои живееја во другите делови на Скопје. Тоа беа многу тажни денови замене кои нема да ги заборавам до крајот на животот. Родителите и роднините на Нада останаа живи и неповредени бидејќи живееја во Кисела вода каде што немаше големи последици од катастрофата.

Благодарение на добрата организација на тогашната власт во Скопје, уште на 26 јули во повеќе делови на Скопје започнаа да се подигаат шаторски населби во кои се згрижуваа повредените и оние граѓани на кои оштетените домови не им гарантираа безбедно живеење.

Заедно со Нада, мојата колешка и вереница, како млади доктори бевме распоредени во шаторската населба во Чаир која беше подигната во паркот. Всушност, ние бевме одговорни за амбулантата која беше сместена во еден голем шатор каде што ги дававме неопходните здравствени услуги на полесно повредените,а потешките случаи на кои им беа потребни посериозни хируршки и други здравствени интервенции, ги упатувавме на клиниките на Медицинскиот факултет.

Во населбата или во „логорот„ како што ја нарекувавме беше сместена и екипатиа на Црвениот крст на Источна Германија кои многу ни помогнаа. Тие, со големи камиони пренесуваа храна, облека, лекови и други санитетски материјали за нормално функционирање на „логорот„. Со нив комуницираме на руски јазик кој го познаваа одлично.

Во знак на искрена благодарност, на германскиот тим, пред нивното враќање во Германија им подарив уметничка слика. Бидејќи уште од млади години имав афинитет кон сликањето, уметничката слика во акварел техника лично ја направив, а мотив ми беше една разурната зграда на Бит пазар.

Шаторската населба во Чаир финкционираше целото лето, есента, па дури и кога падна првиот снег, се до 1 декември 1963 година.

Во повеќемесечниот период постојано помагавме, се дружевме и си го поминувавме времето заедно, обидувајќи се, тој ден – 26 јули, да биде заборавен. Но за жал, земјата се тресеше постојано. Не се знаеше каде и со каков интензитет ќе биде секој следен потрес и на кој начин да се заштитиме сите ние кои го преживеавме земјотресот.

Ж. Трајановски

КАРПОШ ОДДАДЕ ПОЧИТ КОН ЗАГИНАТИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ

Делегација на Општина Карпош, предводена од Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, и членовите на Советот Горан Михајлов и Даниела Штерјова, положија свежо цвеќе пред споменикот на настраданите жители на Скопје на Градските гробишта во Бутел. Општинското раководство, во име на своите сограѓани, изрази пригодна почит и сеќавање на овој настан. Пред 51 години на овој ден, 26-ти јули 1963-тата година, утрото во пет часот и 17 минути Скопје го погоди катастрофален земјотерес со интензитет од девет степени според Меркалиевата скала. Во урнатините животот го загубија 1.100 лица, 3.000 беа повредени, а 200.000 останаа без покрив над главата. Меѓу најнастраданите подрачја во градот беше Општина Карпош. Меѓутоа, Карпош израсна во модерна општина, во општина на солидарноста во чие постземјотресно издигнување учествуваа инженерски и спасувачки екипи од сите краишта на светот.

И. М.





ЗАСИЛЕНА ЗАШТИТА ОД ЖОЛТИЦА

Општина Карпош се подготви за безбеден почеток на учебната година. Во десетте основни училишта и градинки на територија на општина Карпош, почна да се врши дератизација, дезинсекција и дезинфекција како превенција од епидемијата на жолтица. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски најави општинска помош за градинките и училиштата, онаму каде што најмногу им е потребна и ги изнесе сите предлог мерки кои се презмеаат во таа насока.

- Ги задолжуваме сите родители коишто за прв пат носат деца во нашите градинки, задолжително да донесат потврда за направен брис од уста и од нос, како и лекарска потврда дека не се разболени од оваа заразна болест. Во исто време сите оние коишто се повеќе од една недела отсутни од која било друга причина (одмор и сл.) исто така ќе треба да донесат иста потврда. Онаму каде што имаме ризични делови од Општината, истакна првиот човек на Општината, ние како локална власт ќе организираме со лекарска екипа да се земе брис од тие деца, за да се направи контрола евентуално некој да не е заразен со жолтица .

Според информациите на Заводот за здравствена заштита, досега заразени се околу 10-тина жители на општина Карпош иако таков случај во градинките не беше забележан.

Градоначалникот Јакимовски нагласи дека повисоки заштитни мерки ќе се преземат во училиштата кои имаат од 800 до 1000 ученици, каде превенцијата од епидемијата на жолтица треба да преовладува подолгорочно и позасилено. Тој додаде дека задолжителна е конторла на миење раце, а Општината ќе одобри покрај постојните и дополнителни средства од буџетот за обезбедување на хигиенски сретсдва.

Инаку, по повод воведувањето засилени превентивни мерки за заштита од епидемијата на жолтица, градоначалникот на Општината одржа состанок со директорките на сите десет основни училишта во Општината и на четири градинки.

Во потенцијално поризичните места како Злокуќани и Бардовци во воспитно-образовните институции од страна на екпсерт од Општината, м-р Ирена Милевска Калајџиева се врши дополнителна едукација на воспитниот кадар за превенција од заразни болести. **М.Г.**




ЛИСТЕРИОЗА МЕЃУ ОПАСНОСТА И ФАМАТА

Листериозата е сериозна инфекција која се јавува по конзумирање на храна контаминирана од бактеријата Listeria monocytogenes. Ја има насекаде: во водата и почвата, во домашни животни, па дури и во дигестивниот тракт на луѓето. Единствен извор на зараза и причина за да ја има буквално насекаде, се лошите хигиенски услови кои доведуваат сите овие извори на зараза да бидат во допир со фекалии кои во себе содржат, пак, друг вид бактерии наречени - колиформни. Проиводи во кои може да се најде оваа бактерија се: овошјето, зеленчукот, месото и производите од месо, рибата... Листеријата ја има буквално насекаде околу нас, но, тоа не значи дека нема соодветна превенција од неа и дека болеста треба да завршии фатално. Напротив, Листериозата е излечива. Се наметнува прашањето: Зошто толкава смртност?

Клиничка слика на болеста:

- Висока температура, диареа, повраќање, изнемоштеност и слабост, пневмонија. Се лекува со соодветни антибиотици, а клиничката слика зависи од три фактори: патогените својства на видот Лис-



терија, бројот на бактерии внесени со храната и имунолошкиот статус на заболеното лице.

Извори

Термички недоволно обработена храна,

Неправилно складирање на влезен материјал (лоши хигиенски услови),

Прехранбени производи кои не се складирани на соодветна температура во ладилник.

Непастеризирано млеко и младо сирење.

Препораки

Добра хигиенска практика и добра производна практика во термичката обработка на храната, кои патем се и основните услови за континуирано следење на HACCP системот.

Внимателно миење на овошјето и зеленчукот со проточна вода.

Складирање на месото и проиводите од месо на соодветна темпертура во ладилник.

Одржување на хигиена на ладилниците и следење на температурата.

Основна лична хигиена и хигиена на приборот за подготовка на храна.



М-р Ирена Калајџиева Милевска
Контрола и безбедност на храна

Да не се консумира брза храна од оператори кои според лична проценка можеме да одредиме дека не ги задоволуваат нашите лични критериуми за хигиена.

Таа се уништува на 60°C што подразбира дека со термичка обработка (печење, варење и др.) лесно може да се уништи.

Лица кои спаѓаат во ризична група консументи (деца до 6 годинни, хронично болни и хоспитализирани лица, трудници) треба особено да внимаваат на овие препораки.

Производителите на храна и дистрибутерите мора особено внимание да водат во делот на критичните контролни точки кои во процесот на производство се главна алка за контролата на храната.

Да се обидеме да одговориме на прашањето кое беше поставено на почетокот на текстот. Листериозата не е инфекција за занемарување, но од друга страна пак, не е тип на болест која е неизлечива. Смртноста најчесто е кај ризичните групи, а причината, во голема мера е заради комбинациите со друг тип бактерија, вирус или друг микроорганизам кој доведува до фатални последици. Токму затоа, особено треба да се внимава на хигиенските услови во производните погони, домашните услови и особено на хигиената во болниците каде што се хоспитализираат болните од Листериоза. Од технолошки аспект, бактеријата лесно може да се контролира, а компаниите кои произведуваат храна, заради строгите законски регулативи во Република Македонија, се придржуваат до протоколот за работа. И да се случи заболување од Listeria Monocytogenes, најважни се болничкото третирање на заболениот и хигиената во болницата која мора да биде на завидно ниво за да не дојде до „калемење“ на други бактерии или вируси.

Краток податок: Од сите земји во светот, САД најмногу страдаат од оваа болест. Само пред три месеци, констатирана е епидемија на Листериоза која зафатила 12 сојузни држави, а била предизвикана од сирење увезено од Финска. За смртни случаи нема податоци.

ЗАЕДНИЧКО СЛАВЕЊЕ НА РАМАЗАН БАЈРАМ

Месец јули за жителите на Општина Карпош од исламска вероисповест беше свет месец. Јули годинава беше месецот на Рамазан Бајрам. Тој е еден од посебните месеци во Исламот и во него нашите сограѓани ги чествуваа своите верски традиции, со исполнување на една од петте темелни должности на секој муслиман - а тоа е постот. Во текот на тридесетте дена на Рамазан верниците се воздржуваат од храна и вода и сите други искушенија.

Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски, традиционално, секоја година ги кани своите сограѓани од Општина Карпош на заедничка вечера. Така и овој пат, при крајот на месецот, на 24 јули тој не ги заборави своите жители и им организираше вечера-ифтар, за да во духот на ифтарот во заедништво ги сподели овие моменти со жителите на Карпош од исламска конфесија. На ифтарот присуствува околу 190 граѓани од Горно, Средно и Долно Нерези, трите оџи од џамиите, гости од другите скопски општини, видни граѓани од општественото живеење.



Крајот на светиот месец Рамазан беше на 28 јули со трите дена на Рамазан Бајрам. По тој повод градоначалникот Јакимовски присуствуваше на молитва во големата џамија во Долно Нерези, со што се одбележа тридневното славење на најголемиот муслимански празник во нашата Општина.

В. Ц.



LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389(02) 3097 007
Моб: +389(070) 291 007
Факс:+389(02) 3095 800
мејл: info@laplast-m.com.mk

Одбележана 73. годишнина од формирањето на Првиот скопски партизански одред

ДОСТОИНСТВЕНО ЧЕСТВУВАЊЕ

Во чест на 73. годишнина од формирањето на Првиот скопски партизански одред (22 Август 1941 година), борците и продолжувачите на традициите од НОАВМ од Општина Карпош, оддадоа почит пред спомен – обележјето во Карпош 3.

Свеченоста ја отвори секретарот на Градскиот одбор на СЗБ Тодор Коцевски, кој притоа го нагласи значењето на негувањето на слободарските традиции и придобивки од НОАВМ и изрази посебна благодарност до Општина Карпош за нејзиното постојано учество во одбележувањето на значајни историски настани и личности како и за грижата за одржување на спомен – одбележјата на нејзината територија.

За активностите на илегалните скоевски групи како и за формирањето на Одредот и неговите бројни акции против окупаторот, пред присутните говореше Јордан Арсовски, потпретседател на Градскиот одбор на СЗБ. Тој, во оваа пригода ја нагласи храброста и слободарскиот дух на 42-та млади борци од кои 17 се загинати во НОВ, а 5 се осудени на смрт со бесење. Основната цел на Одредот била бојкотирање на власта, нанесување на значителни материјални штети како и давање поттик за јакнење на организираниот отпор на населението против окупаторот.

На чинот на ова достоинствено чествување на Одредот беше положено свежо цвеќе од повеќе делагции и поединци, меѓу кои: на Кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош, Главниот одбор на СЗБ од НОАВМ и Здружението за негување



на слободарските традиции „Панде Шиперков“ од Карпош 3.

Одбележувањето на 73. годишнина од формирањето на Одредот, со своето присуство го удостоија повеќе живи првоборци и носители на „Партизанска споменица 1941“, меѓу кои: генералот во пензија Тодор Атанасовски, проф. д-р. Трајче Грујовски, Петар Иваноски-Тикварот, проф. д-р. Трајко Стаматовски, доктор Никола Стојановски, потпретседателите на Главниот одбор на СЗБ, Евзи Мемети и Вера Бунтеска како и потпретседателот на Општинскиот одбор на СБМ Карпош, Ѓоргија Поповски.

Ж. Трајановски



Новиот лик на училишната спортска сала во ООУ „Јан Амос Коменски“

СОВРЕМЕНО, ЕФИКАСНО, ЕКОНОМИЧНО

Применувајќи ги мерките за енергетска ефикасност, Општина Карпош го заврши реновирањето на 40 години старата спортска сала во ООУ „Јан Амос Коменски“. Во рамките на проектот, како дел од Програмата за енергетска ефикасност, беше инсталирана комплетна надворешна изолација на ѕидовите, со десет сантиметри стиропор, и нова покривна изолација од 20 сантиметри камена волна, а се замени и стариот азбестен покрив со нов, изработен од висококвалитетен пластифициран лим. На местото на старите прозорци и врати, беа монтирани нови, од шесткоморни ПВЦ-профили со трислојно стакло, со нискоемисионен премаз, и со U<1.1 w/m2k; кои ќе ја подобрат звучната изолација, но, исто така, ќе влијаат и врз заштеда на топлинската енергија. Во внатрешниот дел од спортската сала, комплетно се реновирани соблекувалните, тоалетите и туш-кабините, а поставен е и нов паркет, нови грејни тела (радијатори) и заштитни мрежи. Старото електрично осветлување со рефлекторски системи и инсталирана моќност од 7300W, е заменето со штедливи високофреквентни светилки 4*49W, со кои се обезбедува осветленост од 500 luxa, а во исто време се намалува инсталираната моќност за 40%. Освен современиот изглед, од особена важност е поставувањето на новата електрична и водоводна мрежа, која ќе резултира со поефикасни својства на училишниот спортски објект. Според Програмата за енергетска ефикасност на Општина Карпош, реконструираниот училишен објект, како и училишната зграда заедно со останатите шест објекти на детските градинки кои ќе бидат реконструирани во тековната и наредната година, се предмет на изработка во рамки на обуките за енергетски контролори што ги спроведуваат овластените обучувачи од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ), Машинскиот факултет во Скопје и од Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој „ЦеПроСАРД“. Кандидатите изработуваат енергетски извештај и сертификат - пасош, како задача во практичниот дел од испитот. Од особена важност е што овие изработени трудови ќе бидат основа за оформување на тендерските барања на кои ќе се базираат изведбите на реконструкциите на овие објекти. Со нивното завршување, Општина Карпош ќе спроведе постапка за реализација на енергетски сертификати - пасоши за сите 20 објекти на училишта и градинки од својата територија.

Игор Ѓуровски





ДОНАЦИЈА ОД ГИЗ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Германското друштво за интернационална соработка и ЦИМ-експертот Кристијан Хартвиг во заедничкиот проект со Општина Карпош за спроведување на мерки за енергетска ефикасност во општината донираа инструмент за директно мерење на коефициентот за пренесување на топлината U-фактор за сите елементи од градежните конструкции на објектите. Овој комплет „КИМО“ од француско производство со сертификат од француското биро за метрологија, овозможува директно мерење и отчитување на вредноста на U-факторот и е еден од најнапредната генерација на вакви инструменти што постојат и се користат во Република Македонија и пошироко. Со неговата набавка се овозможува вршење на контрола на новоизградените објекти кои, според „Правилникот“ и сработените енергетски елаборати, подлежат на категоријата за субвенционирање на комуналните такси до 20%, односно се потврдува високата В енергетска класа на овие објекти. Инструментот ќе биде во функција на работата на овластените енергетски контролори од Општина Карпош Љупчо Димов и Јованче Цветаноски кои се стекнаа со овластувањето со спроведените обуки на првата група во Република Македонија.

Љупчо Димов

ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНАТОТ НА ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“

Општинското основно училиште „Аврам Писевски“ со пригодна свеченост го одбележа своето 29-годишно постоење. Со повеќе музичко-кореографски перформанси, оркестрални, хорски и играорни изведби, учениците на ова училиште покажаа дека во текот на годината напорно работеле, но и се забавувале. Особено впечатлива беше изведбата на перформансот „Ромска соба“, со кој децата од ООУ „Аврам Писевски“ го слават мултиетничкиот признак на своето училиште и покажуваат пример за тоа како треба да се живее во етнички мешана средина, со меѓусебна толеранција, помагање и сожи-



вот. Директорката на училиштето, Марина Милевска, во рамките на свеченоста, им додели посебни благодарници на истакнатите ученици и наставници кои со својот труд придонеле за афирмација на училиштето, а пофалници добија и членките на одбојкарскиот тим на ООУ „Аврам Писевски“, за освоеното второ место во Училишната одбојкарска лига на Општина Карпош.

Лилјана Петрушевска

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD



Млади карпошани на Интернационална олимпијада по физика

МЕЃУ НАУКАТА, ДРУЖЕЊЕТО И ЕГЗОТИКАТА



Елена Мерцановска, средношколка во СУГС „Орце Николов“ и Теодор Деуевски, матурант во „Јахја Кемал“, се жители на општина Карпош кои достојно не претставија на неодамнешното Интернационалната олимпијада по физика во Астана, Казахстан. На ова врвно натпреварување на физичари од целиот свет присуствуваа 85 држави со 380 натпреварувачи, а нашите двајца карпошани беа две третини од македонската репрезентација. Токму Општината им помогна на нашите „млади умови“ да појдат на ова далечно патување до Казахстан, со цел да стекнат нови искуства и да покажат колку еат и знаат, а со тоа да го обелат и образот на Карпош. Општина Карпош е позната по тоа што ги поддржува младите таленти и се гордее со нивните врвни познавања од областа на образованието и науката, спортот, културата, танцот, музиката...

Во разговор со двајцата талентирани карпошани, во пријатна атмосфера, ни откри дел од нивното искуство, пред сè, од натпреварот и посетата на оваа држава. Елена, која беше воодушевена од тамошните услови, ни го раскажа патот до Казахстан.

– Патувавме со воз од Скопје до Белград, а потоа со авион од Белград до Абу Даби, за повторно да се качиме во авион од Абу Даби и конечно слетавме во Астана, главниот град на Казахстан. Патувањето помина добро, но доживувањата допрва претстоеја – возбудено раскажуваше Елена.

На натпреварувањето, кое беше поделено на теоретски и експериментален дел, си ги одмерија силите најдобрите физичари од целиот свет. Сепак, само најдобрите си заминаа дома со злато, а тоа беа Кинезите. Како што вели Теодор, „ова натпреварување во теоретскиот дел, беше едно од потешките олимпијади на кои досега сме учествувале“.

– Теоретскиот дел вклучуваше три задачи, кои бараа доволно време за размислување и решавање, што значи дека треба да знаеме математика и физика која не се изучува во средното училиште туку на

факултет. Беше навистина многу напорно. Нашиот тим, вели Теодор, беше составен од тројца учесници: јас, Елена и уште еден натпреварувач од Штип, но она што ни беше проблем е што имавме многу кратко време за подготвување. Тоа, конечно, се покажа како хендикеп во вкупните резултати. Ние како репрезентативен тим од Македонија бевме избрани на 20 јуни, а Олимпијадата почнуваше на 13 јули, така што имавме едвај петнаесетина дена за подготовка. Потоа во Казахстан, во разговор со другите натпреварувачи ни раскажуваа дека тие имале цела година за тоа.

Петчасовното тестирање, кое помина без ниту една пауза, од двата дела во натпреварот, за Елена и Теодор заврши задоволувачки, односно со 7,4 поени постигнати за Теодор и 4 поени постигнати за Елена. Средношколката Елена вели дека овој натпревар имал многу строги критериуми и услов за постигнување прво место, односно максимум можни за освојување беа 50 поени, но за да се добие злато доволни беа 27 поени. Така и се случи, најдобриот физичар од Кина освои 41 поен и го доби златниот медал, вели Мерџановска.

– Кога сме учествувале на други олимпијади, горната граница се движеше од 28 до 40 поени, што значи дека ќе бевме подобро пласирани, вели Елена, но, задоволна од она што воопшто нашата земја имаше претставник на едно такво големо случување од областа на науката. Вторниот дел од натпреварот, кој беше експериментален, вклучуваше една задача која носеше 20 поени. Се работеа графикони кои потоа теоретски се објаснуваа. Ни требаше време додека се снајдовме со совршената опрема во експериментот, кој беше сосем нов момент за нас, велат младите физичари.

Сепак, она што ќе им остане на Елена и Теодор од престојот во Казахстан е незаборавното дружење, како и посетата на овој нов главен град. Астана е изграден во 1996 година во модерен стил. Тоа, како што велат нашите соговорници, беа безвременските моменти кои ќе останат во долго сеќавање.

– Во текот на престојот имавме неколку екскурзии. Посетивме доста споменици. Интересно е да се спомене дека отворањето на Интернационалната олимпијада по физика, се случи во новоизграден објект кој се вика „Пирамида на мирот“ и кој ги симболизира сите 136 различни нации коишто живеат во Казахстан. Го посетивме Музејот на националната историја на Казахстан, бевме во Бајтере, кула која ја изградил претседателот на Казахстан – рече Теодор. На особено задоволство на Елена, учењето традиционални танци беше фасцинантно за неа, а Теодор се враќа со „утешна“ награда – победник на фудбалскиот турнир на млади физичари.

– Егзотичните патувања продолжуваа а ние бевме воодушевени од глетката. Ја запознавме казахстанската култура, учевме да играме традиционални танци, имавме можност да видиме и како изгледа казахстанска свадба. Се запознавме и со традиционални боречки вештини. Необично за нас е вкусеното коњско месо и млеко од коњ, кои имаа доста интересен мирис и вкус, а сето тоа е традиционална храна во Казахстан – со насмевка на лицето ни раскажуваше Елена, како да велеше „би се вратила повторно“.

Елена и Теодор своето пријателство ќе го чуваат и тоа, како што велат тие, со „неочекуваните“ земји Јужна Африка, Миан Мар, Мексико, Монголија, а дружењето продолжува со локалните студенти од Универзитетот во Казахстан, како и со ученици и студенти од балканските земји Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Карпошовите физичари не го губат ентузијазмот и велат дека доколку репрезентативниот тим на Македонија биде направен навреме, барем една година пред одржувањето на следната Олимпијада во Индија, ќе учествуваат и сигурни се дека ќе постигнат одлични резултати.

Мила Глигорова


Ballet ... it's the rhythm of your life

Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)

Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk

e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje


Art Ballet
ballet school



ЗА ТАФТАЛИЦЕ-СО ЉУБОВ

„Те сакаме Тафталице“! Под овој слоган се слави ше јубилејот- 50 години малски живот во најурбаната населба во Општина Карпош - Тафталице 2, која „никна“ по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година. Овој голем ден помина во знакот на спортските активности, маалските игри кои тоа време беа „виновни“ што „децата од нашата улица“ не се враќаа дома навреме. Советникот на Општина Карпош, Зоран Поповски, идеен творец, иницијатор и организатор на овој голем ден за Тафталице, сердно помогнат од Општината, истакна дека на оваа населба најголем капитал и се нејзините жители. На целодневната прослава „стари“ тафталицани се сеќаваа на нејзините почетоци, секојдневието, маалското дружење кое се негува до денес. Од оваа населба излегоа врвни „брендови“ од сите сфери на живеење: Живко Чинго, Методија Фотев, Драган Шуплевски, Фимчо Муратовски, Гораст Росоклија, Томо Шијак, Ѓорѓи Ставриќ, Ана Костовска и мноштво други.

На јубилејот Тафталице 2 доби и химна која ја отпеа уметницата Зои Блаж. По романтичното сеќавање на минатото на Здравко Тројачанец, Илија Рајковски, Сузана Гоцева, и краткиот монолог на Мите Гроздановв, познатиот доајен на македонското глумиште се прогласија и победниците во фудбал, познатата игра „сервис“, кошарка и други маалски игри. Тафталицани си заминаа среќни и задоволни со пехари в раце и ветување дека средбите ќе станат јубилејни.

М. Глигорова





„ФЕНИКСОТ“ - ТАФТАЛИЦЕ

Махмура Шаровиќ или Тетка Мими е една од најстарите Тафталицанки, меѓу прводојдените и првонаселенитево оваа, би рекле, „феникс“ населба. Тафталице, некогаш само ливади и „тампон“ зона меѓу руралното Нерези и разурнатото Скопје кое се протегаше до Карпош 1, требаше да е спас за илјада „бездомници“ од настраданиот град. Инаку како што велат старите Тафталицани, тахтаби на турски значи дрвена куќичка од даски , а бидејќи и бараките во Тафталице биле првично такви, така и населбата го добила името.

Во Тафталице дојдовме, само неколку месеци по катастрофалниот земјотрес, кој не затекна со мојот покоен маж Кемал на Битпазар. Бевме меѓу првите и ретките жители на оваа нова населба, која беше изградена токму за нас, најтешко погодените. Тогаш се викаше „обележани со црвено„ што значење-нема спас, уривање, вели тетка Махмура!

Тафталице би рекла тетка Махмура. Или сликовите кажано,црвено-жолта населба. Од почеток во „населбата на спасот“ Тафталице 2, немало речиси ништо освен монтажни бараки. Речиси никаква инфраструктура. Една светилка, празна куќа, голи подови и толку.

Сепак бевме задоволнии среќни.Имаше многу разбирање и љубов, вели 73-годишната тетка Мими, која нема кој во тафталице не ја познава и не ја почитува. Извонредна домаќинка, мајка, баба, пријателка, а пред се сосетка каква секој би посакал.

Сите бевме едно, вели тетка Махмура. Не се делевме по ништо и за ништо. Дури немавме ни ограда околу бараките. Само еден тел врзан за стапче, од барака до барака, колку да се знае кој – чиј двор до кај е, весело си припомнува тетка Мими. Но затоа, се друго беше заедничко. И свадби и веселби и погреби. Живеевме како едно. Во оваа населба немаше националности, различности, поделби, кавги. Немавме ниту вода, па заедно се собиравме на една чешма од сите страни и полневме во ѓуѓуми, кофи. Навистина ова е прекрасна населба, не случајно така живеевме



и живееме 50 години. Морам да признам дека малку им беше необичен мојот босански јазик, но имаше разбирање. Дојдовме од сите страни на Скопје: Од Карпош кој најмнопгу настрада, од Центар, од Чаир. Македонци, Турци, Албанци. Неверојатна дружба и соживот.

-После кратко време, раскажува тетка Мими ни го направија и училиштето „Братство“, кое неодамна целосно го обнови градоначалникот Јакимовски. Тука учеа сите мои деца, трите ќерки, внукот. Наоколу само ниви бавчи, по некоја стара трошна куќа. Најстари беа нашите „италијански“ бараки,па финските,па потоа дојдоа руските згради, вели Тетка Мими, весела и позитивна како секогаш. Така растеше населбата, и еве опстоја толку години. Баракитепотоа ги откупивме седоградуваа и денес има прекрасни куќи. Среќна сум што Тафтачице се уште е тивко и убаво место за живеење и што луѓето се уште се почитуваат.

Постземјотресниот период за прводојдените Тафталицани бил навистина тежок. Со само една маалска самопослуга,повеќе дуќанче, отколку продавница, без пазарче, за нешто повеќе морало да се оди до град. Она што жителите на оваа населба ги држело и ги држи на „купче“ била маката, но и хуманоста, толеранција. Тоа се токму темелните вредности од кои и никна оваа убава населба во Карпош.

Така беше последните 50 години, веројатно и следните 50.

В. Цветковска

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!



ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

Бахова цветна терапија (2)

BEECH (FAGUS SYLVATICA) - БУКА



Beech им помага на луѓето кои се нетолерантни, кои постојано критикуваат, кои немаат разбирање за другите, и кои не отстапуваат во своите размислувања и принципи.

Тоа што е добро во луѓето, тешко се гледа и се признава. Тие постојано имаат чувство дека се нешто посебно, подобри од другите, се однесуваат арогантно и го наметнуваат своето мислење на другите.

Покрај предрасудите, интолеранцијата имаат и лоши особини да ги осудуваат другите без размислување за причините и чувствата на другите, бидејќи сопствените чувства им се блокирани. Кога другите ќе почнат да ги критикуваат, реагираат чувствително и навредено.

Доколку другите луѓе се односуваат различно од она што Beech личностите замислиле, доаѓа до јаки негативни реакции. Тие мислат дека секогаш се во право, додека сите останати кои не мислат како нив,грешат.

Секоја грешка на другите луѓе веднаш ја забележуваат и немаат разбирање за нив.

Кога се во блокирана состојба, овие личности се однесуваат како се да е во ред и покажуваат претерано и лажно разбирање, иако „глупоста на другите“ ги нервира.

Позитивниот потенцијал на Beech-от е развивање на толеранција, сочувство и поврзаност со другите луѓе. Кога ги критикуваат другите тоа го прават со повеќе чувства, такт и толеранција.Критиката на другите полесно се прифаќа и поконструктивно се зема со желба нешто позитивно да се промени.

Земањето на капки доведува до развој на позитивен начин на гледање на животот, т.е. забележување на позитивните особини и добрини кај другите луѓе.

Болести од кои можеда боледуваат во негативна состојба: Beech алергии, проширени вени, проблем со жолчката, болки во зглобовите, стегање на вилицата, притисок во градите, отежнато мокрење, раздразливост.

Јоана Станиќ






МЕЃУРЕЛИГИСКИ ДИЈАЛОГ И ТОЛЕРАНЦИЈА

„Блажени се бедните по дух зашто нивно е царството небеско, блажени се оние што плачат оти ќе се утешат, блажени се кротките зашто тие ќе ја наследат земјата, блажени се гладните и жедните за правда оти тие ќе се наситат, блажени се милостивите зашто тие ќе бидат помилувани, блажени се чистите по срце оти тие ќе го видат Бога, блажени се миротворците зашто тие ќе се наречат синови божји, блажени се гонетите за правда оти нивно е царството небеско...“ – Нов Завет, Евангелие по Матеј. „Правото да го мерите не со кантар или меч, туку со чувство на одговорност... Да не го следите и проследите слепо тоа што не го знаете и секогаш слушајте го оној што знае повеќе од вас... Не одете по земја со грди и лоши стапала, туку со сигурни и убави чекори“ – сура Ал-Исра, Куран. Овие стихови, како дел од Светата книга Библија и Светата книга Куран, често си ги поимам, особено во време на верски недоумици, двојби околу религијата и нејзиното место и улога во современите општества, во денови кога се празнуваат и чествуваат религиски празници, во мигови на духовни и ментални бури кои се креваат како плод на одредени религиски тези, размисли и дејанија, искажани и практицирани од признати и познати дејци, кои на директен или индиректен начин се врзани за религијата.

Овој период од годината е период кој изобилува со многу верски празници, празници кои имаат големо значење за верниците кои ги чествуваат. Во овој период од годината напросто уживам бидејќи меѓурелигискиот соживот испливува на површина и во вистинска смисла на зборот и во секојдневието може да се доживее. Навистина се радувам кога ќе го чујам радосниот глас на мојот пријател муслиман во мигот кога му упатувам честитка по повод неговиот верски празник, едноставно тоа не може да се одглуми, искреноста и радоста која се искажува во моментите кога им честитате може да се види и преку фацијалната експресија на нивните лица. Хедонистички можеби од моја страна, но навистина со посебна сладострас ги вкусувам баклавите приготвени од вештите раце на домаќинките при мојата посета во домовите на моите пријатели муслимани. Но, со истиот жар им возвраќам и кога тие ми ги упатуваат милните зборови за Спасовден, Петровден, Голема Богородица и сите верски празници кои како верник ги почитувам и чествувам. Празниците се нижат еден по еден, религиски празници кои се значајни и за христијаните и за муслиманите, празник до празник и секој со посебен белег за себе. Но, едно е заедничко, сите се чествуваат и празнуваат со ближни и драги луѓе, се сплотува семејството, се интегрираат луѓето, едноставно се слави и празнува. Убоста е распослана меѓу нас во тие мигови и празнични славења и секој ужива на



Д-р Татјана Стојаноска Иванова
Институт за социологија
Филозофски факултет - Скопје

себе својствен начин... барем во тие мигови надвладува доброто и позитивното и во тие денови секој искрен добронамерник и верник му честита на својот сосед и пријател, кој е со различна религиска определба, со зборовите – за многу години да ни се овие празници и со радост да си ги празнуваме. Во тие моменти на среќа и вознес се навраќам на светите книги и гледам колку тие во суштина се етички дела и колку морални вредности и мудрости кријат во себе. Но, и си ја разрешувам дилемата околу улогата на религијата во мултиконфесионални и мултиетнички општества – да и тоа како таа може да биде носител на позитивен дискурс, соживот, дијалог и толеранција.

Во мигови кога има одредени меѓурелигиски пецкања и недоумици суштествена е улогата на верските лидери кои имаат огромно влијание врз креирање на мислењата на верниците и врз севкупниот верников живот. Верските лидери се оние што треба да бидат први на браникот на правдољубивоста, добродетелта, проштевањето и чинењето добро пред сè и над сè, без никаква целност или возврат. Верските лидери се оние личности во кои верникот треба да ја бара моралната икона, оние што со своите дела и постапки ќе бидат пример за доброчинителство, правдољубивост, човечност. Тие треба да бидат вистински верски водачи и да ги насочуваат верниците во секоја своја мисла и размисла, во секое свое дело и постапка да поаѓаат од принципите на вистинитоста, чесноста, правдољубието и човечноста. Вистинскиот верски лидер говори и практицира толеранција, секаде, секому, без двојби, шири и успокојува со толеранција која не познава граници, култури, етникуми, толеранција без граници, толеранција која треба да биде основа на секоја постапка и дејание. Бидејќи чуму ни се светски конференции за толеранција, чуму ни се говори од врвни елити кои ја поимаат и истражуваат религијата, чуму ни се ореоли за толеранцијата ако ние самите отстапуваме од неа – нели е тоа класична хипокризија?

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

ЈЗУ „Здравствен дом на Скопје“ – Скопје, Ве информира дека по програмски превентивни активности на Министерството за здравство на Република Македонија продолжуваат акциите со ПУНКТОВИ за спроведување на бесплатни превентивни прегледи за заштита од топлотни бранови со почеток од 18.30 – 21.30 часот по следниот редослед:

ТЦ. Лептокарија-01.08.2014
Аптека-Порта Влае-07.08.2014
Млечен Ресторан-12.08.2014
Аптека Порта Влае-17.08.2014
ТЦ.Лептокарија-22.08.2014
Млечен Ресторан-27.08.2014

Општина Карпош shared Општина Карпош's photo.
Posted by Iva Ivka Manova [?] · 21 July

Некој желката да не си ја бара?? Му ја најдовме во нашиве жардиниери 😃

At Општина Карпош.



Ем Н-А Имаме и ежиња во Карпош 3... 😃

Anastasija Petreska jas jas ja zagubiv

Dragan Beli Ugrinovski EJ MAJKATA.....ZELCEVO E MOE....BELEZANO E ODOZDOLA SO CRN FLOMASTER....PUSTENO SI BESE VODVOR....PRED 5 DENA GO SNEMA....I GLEJ ZELKA KE RECES .....DO KAJ DOGURALA.....NEKOLKU KILOMETRI



Carano @__stefanel__ · Jul 5 View translation
На Карпош очајно многу му фалат едно пет-шеесет чешмички.Пустина е од К1 до К4, еве почнувам да халуцинирам.

@ortographia @__stefanel__ Град Скопје ги поставува ние многупати сме им рекле. Може ќе преземат нешто

Aleksandra @QueenSandra10 · 14h
Секаде поплави низ Скопје, само во @OpstinaKarpos идила :)



www.karpos.gov.mk

Изработила: Ива Манова



КАРПОШ СОКОЛИ МЛАДИНСКИ ШАМПИОНИ ВО КОШАРКА

Во годинашното финале во кошарка за млади, со драматични резултатски пресврти, Карпош соколи ја совладаа екипата на Вардар со 71:70. Со тоа карпошовите млади таленти во кошарка се закитија со шампионската титула во кошаркарска лига за млади на Македонија.

Во крајно возбудливиот натпревар, во еден момент екипата на Карпош соколи успеа да поведе со 15 коша разлика, но младите кошаркари на Вардар успеаја да соберат сила и на минута и половина пред крајот на финалниот натпревар да поведат со пет поени разлика. Благодарение на присебноста на тренерот на „соколите“ Михаил Наумовски и сигурната рака на Дарко Најдоски и плејмејкерот и центар Филип Бакоч, младите „соколи“ на Карпош поведоа и успеаја да победат со еден поен разлика и да се закитат со шампионската титула. Филип Бакоч или „Карпошовиот Дивац“ е прогласен и за најкорисен играч (МВП) на годинешниот шампионат во кошарка за младинци. Инаку, во полуфиналето Карпош соколи ги совладаа кошаркарите на МЗТ Скопје, а Вардар ја однесоа победата над НБА-Чаир.

Виолета Цветковска

СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ

Општина Карпош за учебната 2014/2015 година ќе додели стипендии за талентираните ученици од VIII и IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општината. Висината на стипендијата ќе изнесува 2500,00 и 2000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

Освен тоа Општината традиционално доделува и спортски стипендии на талентирани спортисти од своето подрачје 2014/15 година. Висината на стипендијата ќе изнесува 3000,00 и 2000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

Рокот за поднесување на документите во архивата на Општината е заклучно со 10. септември оваа година.

НОВИ ПОБЕДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

Победниците на училишните спортски лиги на Општина Карпош, фудбалерите од ООУ „Братство“, одбојкарките и кошаркарките од ООУ „Владо Тасевски“, ја продолжија низата успеси и на наградната екскурзија во збратимената општина Тиват. Имено, Општина Карпош за најдобрите спортисти, победниците во училишните спортски лиги, обезбеди наградно патување во Тиват, каде што нашите спортски асови, покрај тоа што го прославуваа својот успех, се натпреваруваа и со своите врсници од збратимената општина. Според информациите од Димитар Бадев, претставник од Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, фудбалерите на ООУ „Братство“ со 3:0 ги поразија црногорските ривали, а одбојкарките од ООУ „Владо Тасевки“ со 2:0 во сетови однесоа победа над своите врснички од Тиват. Кошаркарите пак, предводени од Амди Муса, придонесоа за првиот хет-трик на Општина Карпош и со 20 коша разлика ги совладаа своите ривали од Црна Гора.с

– Целата фудбалска екипа од ООУ „Братство“ играше компактно и несебично, со сигурна одбрана и со пожртвуваност во нападот. Предводени од незаменливата Татјана Трпезановска, фудбалерите исклучително лесно дојдоа до победата, со головите на Мартин Филипоски, Метин Рушити и Арменд Ебипи. Кај одбојкарките на ООУ „Владо Тасевски“, особено се истакна Теа Терзиевска, која ги бомбардираше Црногорките со „проектили“, кои, пак, несебично ѝ ги лансираше Ана Јачева. – вели Бадев.

Игор Ѓуровски



МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

ЕКИПАТА „БРАНКО ЃУРОВСКИ“ ВТОРПАТ ГО ОСВОЈУВА „ВЛАЈКО КУП“

Со поддршка на Општина Карпош, во организација на здружението „Влајко проактивни граѓани“ – Скопје, на теренте на спортско-рекреативниот центар во населбата Влае, се одиграа финалните натпревари од четвртиот по ред турнир во мал фудбал „Влајко-куп 2014“. Во возбудлив спортски натпревар кој изобилуваше со неизвесност до самиот крај, екипата „Бранко Ѓуровски“ славеше над своите ривали „Лока“ со резултат 3:1, со што го освои годинешниот „Влајко-куп 2014“. Во борба за третото место, екипата „Дар Мар“ славеше над своите соперници „Маркет Кала Мац“ со резултат 4:2. Новитет на годинешната спортска манифестација беше менувањето со самолепливи сликички за албумот од Светското фудбалско првенство во Бразил 2014 година. Имено, љубителите на фудбалот ја искористија оваа можност, коментираа, меѓусебно разменуваа сликички и со нетрпение ги очекуваа финалните натпревари. За трите најдобро пласирани екипи следуваа пехари и медали, а во рамките на оваа спортска манифестација Бојан Ѓуровски од екипата „Бранко Ѓуровски“ беше прогласен за најдобар играч на турнирот. Наградата најдобар голман ја понесе Игор Ѓорѓиевски од истата екипа, додека, со постигнати 13 голови, наградата најдобар стрелец на турнирот му припадна на Мартин Дувњак од „Спорт вижн“. „Влајко-куп 2014“ прераснува во елитна спортска манифестација за што говори учеството на 48 тимови во мал фудбал, што досега претставува рекорден број на пријавени екипи.



Игор Ѓуровски

ФУДБАЛЕРИТЕ НА „КАРПОШ ФУДБАЛ-КЛУБ“ НА ЛЕТНИ ПОДГОТОВКИ ВО МАВРОВО

„Карпош фудбал-клуб“ (КФК) ги почна своите редовни летни подготовки за настапите во есенските натпревари од фудбалските лиги во кои учествува. Фудбалерите на овој клуб, на возраст од девет до 11 години, придружувани од својот тренер и од претставник на Одделението за спорт при Општина Карпош, која финансиски го поддржува КФК, седум дена престојуваа во Мавровo, каде што ќе се подготвуваат за натпреварите што ги очекуваат. „Карпош фудбал-клуб“ веќе четири години настапува во фудбалските лиги, а минатата сезона (2012-2013 година) беше шампион на есенскиот дел од лигата.

Лилјана Петрушевска



ТВИТЕР ХУМОР

@kapkejks

Не сфаќам зашо ме зедоа на пракса во фирмава коа имаат кафемат.



@Y1K991

Пензионерите порано ставаа тетоважи #ЈНА, сега ставаат #ЈСП.

@IamAliceMadness

- кажи нешто за себе
- не можам да седам обратно у автобус

@zuberot

Македонците не користат електронски книги затоа што не можат да се сликат на плажа со нив.

@MamaLeonne

Ќе си живееш така едноставно и ќе се појави некој што тектонски ќе те измести со еден поглед.

@WhiteBustard

Ги прашуваш Бразилците колку дена има во неделата и одма се лутат. Осетлив народ!

@iskra_iskrich

Скопје е ужасно голем град кога сакаш да налеташ на некого и ужасно мал град кога сакаш да избегнеш некого.

@daRko_aa

-Колкава е минималната плата во Македонија?
-Колку да не е без ич.

@Jane_Sk

Некои линкови и некои фстаци не се отвораат.

@iSmiljanska

Бурек - единица мерка за дропки.

@i999y

Денар дупка така нешто му иде патаринатa.

@Enkriptirana

- Кога ќе се видиме?
- Кога две паралелни рамнини ќе имаат барем една пресечна точка.

@MedoDimoski

Добредојдовте во Македонија.
За селективна правда изберете 1.
За вонинституционално делување изберете 2.
За промена на државата изберете #



ст 2014 - ОПШТИНА КАРПОШ

Изработила: Ива Манова



Јоана Станиќ

Септември '14

ОВЕН: Ќе ги елиминирате сите лоши стари навики и целосно ќе бидете фокусирани на остварување на целите. Морате да работите напорно за да успеете. Можни се расправии со член на семејството. Промена на љубовен план. Повеќе спорт ви треба за да го елиминирате негативниот набој.

БИК: Точноста, организираноста и ефикасноста, ќе бидат главните ваши адути во овој период. Доколку планирате подолг пат, време е да го реализирате. Партнерот ќе ви поставува преголеми барања, но и тоа ќе успеете да го надминете. Прошетки во природа.

БЛИЗНАЦИ: Во работата ќе покажете знаење, креативност и иновација.Вашите квалитети некој ќе ги забележи. Потрудете се да ги избегнете расправиите со партнерот кои најчесто ќе бидат заради банални работи. Здравје добро.

РАК: Ќе преземате повеќе обврски отколку што можете да сработите. Сето ова ќе се одрази и н а работењето и во љубовниот живот. По 23. организирајте некое патување со семејството. Повеќе витамини и одмор

ЛАВ: Работите кои се поврзани со претприемништво во овој период ќе ви донесат многу успех. Потрудете се да не донесувате брзи одлуки и успехот нема да изостане. Љубовниот живот ќе цвета и уживајте во вниманието на партнерот. Нервоза.

ДЕВИЦА: Ќе ве напаѓаат од сите страин, но тука е Меркур кој ќе ве извлече од сите непријатни ситуации. Верувајте на својот инстикт при проценка на луѓето. Во љубовта следи убав и мирен период, партнерот ќе ви биде најголемиот пријател. Внимавајте на исхраната, осетлив ви е стомакот бидејќи целиот стрес го преживувате преку него.

ВАГА: Месец во кој ќе остварите голем број на работни контакти кои во иднина ќе се покажат како многу продуктивни. Покажете му ги на партнерот емоциите и потрудете се повеќе време да поминувате заедно. Контролирајте го притисокот.

СКОРПИЈА: Потрудете се да ја подобрите комуникацијата со соработниците и оставете го сарказмот за некоја друга прилика. Во љубовта ќе имате неочекувани средби, можна е средба со некоја стара љубов. Посетете стоматолог.

СТРЕЛЕЦ: Многу недовршени проекти ќе успеете да ги завршите во овој период и за тоа може да следи неочекувана награда. Сомнежите во однос на партнерот оставете ги настрана и потрудете се да му посветите повеќе внимание. Потребен ви е повеќе сон.

ЈАРЕЦ: Максимално ќе ја користите Венера за да се доближите до некои личности, но тоа нема да резултира со емотивно задоволство. На работен план ве очекуваат напнати ситуации со кои не секогаш ќе можете да се изборите-можна е и промена на работното место. Здравје чувствително.

ВОДОЛИЈА: Ништо нема да може да го наруши вашиот внатрешен мир. Во работата ова ви е поволен период за напредување и за нови знаења. На емотивен план особено ќе бидете задоволни со вашиот живот. Престојувајте повеќе на свеж воздух.

РИБИ: Во овој период очекувајте потполно стабилни и хармонични случувања-Јупитер е на ваша страна. На работен план ќе имате мали препреки но брзо ќе ги надминете. Љубовта ќе ви биде место за решавање на напнатоста. Здравје добро.



КУЛТУРНО ЛЕТО КАРПОШ 2014

Во август, традиционално, стартува етаблираната манифестација Културно лето Карпош 2014. Годинава, Општина Карпош во соработка со Здружението на граѓани Младински форум за соработка, по седми пат, во рамки на Културното лето, на своите граѓани им организираше незаборавни музички и театарски вечери.

Во малку пократка, верзија од вообичаените „Карпошови лета“, овојпат „инстант“, во текот на деветнаесет културни вечери, организаторите, на жителите на Карпош им пружија богата понуда на класична, џез и поп музика, фолклорни танци и етно електронска музика, ликовни перформанси и многу забава.Културното лето карпош 2014 стартуваше со чалгациска музика со „Егзија Трио“, за да следат вечери со Градскиот мешан хор „Вардар“, Еуе Cue, Викторија Лоба, Културно уметнички работници, Бубе Најденовска и Out of tune, танцови двојки на Бранимир и Бранкица, концертите на „пеперминт“, „Дани„ и ненадминатиот „Лозано“ како и проектот „Фурка“ на Алачки и Мишковски. Во рамки на годинашното културно лето имаше и два хумористични стенд-ап и кабаре претстави на Тони Михајловски и Two mother brothers.Ова лето ни дојдоа и врвни акварелисти од Европа и од светот, како полскиот сликар Грегор Калиновски и Анета Јазвинска, но во рамки на Акварелниот симпозиум на Карпош кој се поклопува со културното лето, и ликовни уметници од Индија, Австрија, Белгија...

Карпош ова лето уживаше! **В.Ц.**









ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"



0-62-021
1-46-880
078/43-41-49









Олимпико		TIGAR	BFGoodrich	MICHELIN
175/65 R14	Стара цена	2.890	3.570	4.980
	Нова цена	2.710	3.320	4.310
	Попуст 25%	2.033	2.490	3.233
195/65 R15	Стара цена	3.690	4.610	6.330
	Нова цена	3.380	4.120	5.350
	Попуст 25%	2.535	3.090	4.013
205/55 R16	Стара цена	4.980	6.210	8.800
	Нова цена	4.310	5.410	6.950
	Попуст 25%	3.233	4.058	5.213
225/45 R17	Стара цена	7.260	9.160	13.040
	Нова цена	5.720	7.690	10.150
	Попуст 25%	4.290	5.768	7.613

Попустот важи и за другите димензии и трае до завршување на залихите.

Бул. 8 - ми Септември бр. 38 (на спроти Хубо Маркет и Тојота) тел. 02/30-64-689 и 02/30-63-351
!!! Ново ласерско 3Д центрирање на преден и заден трап

